**20190370639**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 67 став 2 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБЛИКОТ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИ ТАБЛИ, ОЗНАКИ И ДРУГА СИГНАЛИЗАЦИЈА (*)

Член 1

Во Правилникот за обликот, содржината и начинот за поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/12), во член 2 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На граничните премини кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на граничната табла од ставот 1 на овој член, натписот е испишан и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (Образец бр. 1)“.

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Во член 3 зборовите „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, а зборовите „REPUBLIC OF MACEDONIA“ се заменуваат со зборовите „REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На граничните премини кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на граничната табла од ставот 1 на овој член, натписот е испишан и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (Образец бр. 2)“.

Член 3

Во член 4 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На граничните премини кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на граничната табла од ставот 1 на овој член, натписот е испишан и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (Образец бр. 3)“.

По ставот 3 кој станува став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„На граничните премини од ставот 3 на овој член, на дополнителната метална табла натписот е испишан и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (Образец бр. 3). “

Член 4

Во член 6 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На граничните премини кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на таблата од ставот 1 на овој член, натписот „ДРЖАВЈАНИ“ е испишан и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (Образец бр. 4). “

Член 5

Во член 7 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На граничните премини кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на таблата од ставот 1 на овој член, натписот „ДРЖАВЈАНИ“ е испишан и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (Образец бр. 5). “

Член 6

Во член 8, по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На граничните премини кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на таблата од ставот 1 на овој член, натписот е испишан и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (Образец бр. 6)“.

Член 7

Во членот 10 по зборовите „англиски јазик“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „а на граничните премини кои се наоѓаат на подрачјата каде најмалку 20% од граѓаните зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо“.

Член 8

Обрасците број 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се заменуваат со нови Обрасци број 1, 2, 3, 4, 5 и 6, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-12979/1
13 февруари 2019 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

Бр. 01-1570/1
13 февруари 2019 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Горан Сугарески,** с.р.

Образец бр.1


ВНИМАНИЕ! ГРАНИЧНА ЛИНИЈА
KUJDES! VIJË KUFITARE
ATTENTION! BORDER LINE
______ МЕТРИ / METRA / METERS


ВНИМАНИЕ! ГРАНИЧНА ЛИНИЈА
ATTENTION! BORDER LINE
______ МЕТРИ / METERS

Образец бр.2


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Образец бр.3


ПОДРАЧЈЕ НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН
ОГРАНИЧЕНО ДВИЖЕЊЕ И ЗАДРЖУВАЊЕ
ZONA E PIKË KALIMIT KUFITAR
QËNDRIMI DHE LEVIZJA E KUFIZUAR
STATE BORDER AREA
LIMITED MOVEMENT AND RETENTION


ОТВОРЕН / HAPUR / OPEN


ПОДРАЧЈЕ НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН
ОГРАНИЧЕНО ДВИЖЕЊЕ И ЗАДРЖУВАЊЕ
STATE BORDER AREA
LIMITED MOVEMENT AND RETENTION


ОТВОРЕН
OPEN

Образец бр.4


MK
ДРЖАВЈАНИ
CITIZENS
АВТОМОБИЛИ
CARS


MK
ДРЖАВЈАНИ
CITIZENS
АВТОБУСИ
BUSES


MK
ДРЖАВЈАНИ
CITIZENS
ТОВАРНИ ВОЗИЛА
LORRIES

Образец бр.4


MK
ДРЖАВЈАНИ
SHTETAS
CITIZENS
АВТОМОБИЛИ
VETURA
CARS


MK
ДРЖАВЈАНИ
SHTETAS
CITIZENS
АВТОБУСИ
AUTOBUSË
BUSES


MK
ДРЖАВЈАНИ
SHTETAS
CITIZENS
ТОВАРНИ ВОЗИЛА
AUTOMJETET E MALLËRAVE
LORRIES

Образец бр.5


EU
EEA
CH
ДРЖАВЈАНИ
CITIZENS
АВТОМОБИЛИ
CARS


EU
EEA
CH
ДРЖАВЈАНИ
CITIZENS
АВТОБУСИ
BUSES


EU
EEA
CH
ДРЖАВЈАНИ
CITIZENS
ТОВАРНИ ВОЗИЛА
LORRIES

Образец бр.5


EU
EEA
CH
ДРЖАВЈАНИ
SHTETAS
CITIZENS
АВТОМОБИЛИ
VETURA
CARS


EU
EEA
CH
ДРЖАВЈАНИ
SHTETAS
CITIZENS
АВТОБУСИ
AUTOBUSË
BUSES


EU
EEA
CH
ДРЖАВЈАНИ
SHTETAS
CITIZENS
ТОВАРНИ ВОЗИЛА
AUTOMJETET E MALLËRAVE
LORRIES

Образец бр.6


СИТЕ ПАСОШИ
ALL PASSPORTS
АВТОМОБИЛИ
CARS


СИТЕ ПАСОШИ
ALL PASSPORTS
АВТОБУСИ
BUSES


СИТЕ ПАСОШИ
ALL PASSPORTS
ТОВАРНИ ВОЗИЛА
LORRIES

Образец бр.6

СИТЕ ПАСОШИ

TË GJITHA PASAPORTAT

ALL PASSPORTS



АВТОМОБИЛИ
VETURA
CARS

СИТЕ ПАСОШИ

TË GJITHA PASAPORTAT

ALL PASSPORTS



АВТОБУСИ
AUTOBUSË
BUSES

СИТЕ ПАСОШИ

TË GJITHA PASAPORTAT

ALL PASSPORTS



ТОВАРНИ ВОЗИЛА
AUTOMJETET E MALLËRAVE
LORRIES